Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Ип. 1 бр. 57-19
Датум: 15.5.2020 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Верица Станкова, советник инспектор со службена легитимација број 24-0004, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за издавачка дејност од Скопје со деловно седиште на ул. „Алберт Ајнштајн“ бр. во Скопје, застапувано од – управител – со ЕДБ: и со Записник Ип. 1 бр. 57-19 од 14.5.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е

1) СЕ ОПОМЕНУВА Друштвото за издавачка дејност од Скопје, да достави Наративни и финансиски извештаји за реализација на Проектите од областа на на Европските интеграции за Програмата на Креативна Европа (2014-2020) за Проектот - (литературни преводи) Калеидоскоп, како и за проектите од областа на Издавачка дејност согласно член 68 став (3) од Законот за културата, како и член 5 став (1) и член 3 став 1 од Годишните договори.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 15 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## О б р а з л о ж е н и е

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 став (1) и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Верица Станкова, советник инспектор со службена легитимација бр. 24-0004, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за издавачка дејност од Скопје со деловно седиште на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

ул. „Алберт Ајнштајн“ бр. во Скопје, застапувано од – управител – со ЕДБ: и со Записник Ип. 1 бр. 57-19 од 14.5.2020 година, во кој е констатирано: дека Друштвото нема доставено до МК, Наративни и финансиски извештаји за реализација на Проектите од областа на Европските интеграции за Програмата на Креативна Европа (2014-2020) за Проектот - (литературни преводи) Калеидоскоп, како и за проектите од областа на Издавачка дејност што е обврска согласно член 68 став (3) од Законот за културата, како и член 5 став (1) и член 3 став 1 од Годишните договори.

При изрекувањето на инспекциската мерка – опомена за отстранување на утврдената неправилност предвид се земени член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ” бр. 102/19).

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-19 од 15.5.2020 година.

Советник инспектор
со службена легитимација
број 24-0004,
Верица Станкова



Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk